## Цветници

На ден 20.04.2008 година , кога Светата Црква го прославува Влегувањето на Господ Исус Христос во Ерусалим – Цветници, Митрополитот Европски г. Пимен, во сослужение со парохискиот свештеник протоереј-ставрофор Блажо Кожарски и ѓаконот Илија Спасевски, отслужи Света Архиерејска Литургија во соборниот храм на свети Наум Охридски во Малме – Шведска. За време на Света Литургија се причестија голем број на верници. На крајот од Светата Литургија Митрополитот г. Пимен произнесе празнично слово по повод празникот.





